MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-936/4

год. 12-03-2019

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на четвртата седница одржана на ден 07 март 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема основа за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-936/1 од 28.02.2019 година.

Предметот со број 12-936/1 од 28.02.2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на ДКСК.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-936/1 од 28.02.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – физичко лице.

Добиената пријава содржи наводи за незадоволство од донесена пресуда на Основен суд Кочани и постапувањето на Основното јавно обвинителство во Кочани и со барање ДКСК да направи увид во предметите заведени кај нив и да покрене постапка за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција против предметните судии.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во случајот станува збор за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган (Судски совет на Република Северна Македонија) и оцени дека Државната комисија за спречување на корупцијата нема законска надлежност да се произнесува по однос на прашањата за следењето и оценувањето на работата на судиите и утврдувањето на нестручното и несовесното вршење на судиската функција, а подносителот на пријавата ќе го упати да ги искористи сите законски и правни лекови што му се понудени во судската постапка за извршување и одбрана на материјалните права преку повисоките судови.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk